**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6540 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 18 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Извештајот за програмскиот сервис на ТРД ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, кој емитува програма на македонски јазик, на регионално ниво (Д8), се однесува на периодот на изборната кампања, од 21 ноември до 9 декември 2016 година. Во согласност со Методологијата, анализата на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии е направена врз деветнаесет изданија на централната дневно-информативна емисија, Вести во 22 часот. Вкупната должина на анализираните прилози во вестите изнесува 5 часа, 34 минути и 4 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Кисс | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Активности на органите на власт | | | |
| Локална самоуправа | 00:05:25 | 30.92 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:03 | 5.99 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:39 | 9.42 | % |
| Влада на РМ | 00:09:24 | 53.66 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:17:31** | **100** | **%** |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Граѓански сектор | 00:09:03 | 54.57 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:50 | 17.09 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:58 | 5.83 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:58 | 5.83 | % |
| Беса | 00:00:58 | 5.83 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:09 | 0.90 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:09 | 0.90 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:09 | 0.90 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:09 | 0.90 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:09 | 0.90 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:09 | 0.90 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:09 | 0.90 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:09 | 0.90 | % |
| Влада на РМ | 00:00:09 | 0.90 | % |
| Либерална партија | 00:00:09 | 0.90 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:09 | 0.90 | % |
| Левица | 00:00:09 | 0.90 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:16:35** | **100** | **%** |

| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:01:40 | 40.56 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:58:59 | 39.67 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:14:05 | 4.69 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:17 | 0.43 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:02:16 | 0.76 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:10:05 | 3.36 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:24:05 | 8.03 | % |
| Беса | 00:07:31 | 2.51 | % |
| | **Вкупно за тема: 04:59:58** | **100** | **%** |
| | **Вкупно: 05:34:04** | | |

Најголем дел од прилозите во вестите се посветени на изборните кампањи на политичките партии и коалиции. Овој дел од прилозите во кои преку информативни жанрови се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 4 часа 59 минути и 58 секунди (Табела 1). Тоа е сегментот од вестите од кој се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите. Исто така, треба да се има предвид дека ТВ Кисс емитува програма на подрачјето на Изборната единица број 6, каде потврдени кандидатски листи имаа 9 учесници во изборната кампања (сите освен Либерална партија и Левица).

Најмногу време е одвоено за активностите од кампањите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 2 часа 1 минута и 40 секунди (40,56%), и на Коалицијата предводена од СДСМ - 1 час 58 минути и 59 секунди (39,67%). Потоа следуваат Коалицијата ВМРО за Македонија со 24 минути и 5 секунди (8,03%), ДУИ со 14 минути и 5 секунди (4,69%), Демократската партија на Албанците со 10 минути и 5 секунди (3,36%), Беса со 7 минути и 31 секунда, Коалицијата Алијанса за Албанците (Унитети, ДПА – ДР, НДП) со 2 минути и 16 секунди, и Партијата за демократски просперитет, која имаше кандидатска листа само во шестата изборна единица, со 1 минута и 17 секунди. За активностите на Коалицијата за промени и правда не е известувано во централните вести во 22 часот.

За активностите на органите на власта информирано е во прилози со траење од 17 минути и 31 секунда (Табела 1). Најзастапена е Владата на РМ со 9 минути и 24 секунди преку два прилога во кои се пренесени информации од билтенот на МВР и еден прилог од СВР Тетово со апел до граѓаните за заштита од кражби. За активностите на Локалната самоуправа има 5 минути и 25 секунди во прилози кои говорат за пуштање во употреба на спортска сала во Гостивар, реконструкција на улици и локален пат во Гостивар и извештај од седницата на Советот на Општина Тетово.

Другите теми поврзани со изборите, обработени преку информативни жанрови, во мониторираниот период застапени се со 16 минути и 35 секунди (Табела 1). Во најголем дел, тоа се прилози за активности на субјекти од категоријата „граѓански сектор", претставени со 9 минути и 3 секунди. Во ова време влегуваат: информациите за прес-конференцијата на НВО „Цивил" во Гостивар, дебатата на платформата „Мојот глас" – со кандидатите за пратеници во ИЕ 6, дебатата на платформата „Мојот глас - моја одговорност" - со претставниците на Коалицијата предводена од СДСМ, Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и со претставниците на ДУИ и на Беса, трибината на НВО „Антико" и форумот на жени на СДСМ против насилството врз жените.

Во оваа категорија се присутни и неколку од политичките субјекти. Коалицијата предводена од СДСМ е застапена со 2 минути и 50 секунди, во рамки на претходно наведените прилози. Коалицијата ВМРО за Македонија, како и ДУИ и Беса имаат по 58 секунди, а по 9 секунди имаат: Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Коалиција за промени и правда, Коалицијата Алијанса за Албанците (Унитети, ДПА-ДР и НДП),

Либерална партија, ДПА и Левица. Овие политички субјекти се присутни во прилог за почетокот на кампањата за Предвремените парламентарни избори и за тоа кој од каде стартува со предизборните активности. Во овој дел од вестите многу кусо се појавуваат и ДИК, категоријата амбасадори/меѓународни организации/странски политичари, Влада на РМ, Специјално обвинителство и Министри/заменици од СДСМ.

Најмногу време за директни обраќања во вестите имаат Коалицијата предводена од СДСМ со 1 час 47 минути и 8 секунди, и Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ со 1 час 44 минути и 4 секунди. Потоа Коалицијата ВМРО за Македонија со 21 минута и 36 секунди, и ДУИ со 10 минути и 48 секунди. Сите други субјекти имаат помалку од десет минути за директни обраќања (Табела 2).

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Кисс | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:44:04 | 38.18 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:47:08 | 39.31 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:48 | 3.96 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:08 | 0.42 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:50 | 1.41 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:39 | 0.24 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:08:19 | 3.05 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:23 | 2.71 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:21:36 | 7.93 | % |
| Беса | 00:06:54 | 2.53 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:43 | 0.26 | % |
| | **Вкупно: 04:32:32** | **100** | **%** |

## Посебни информативни емисии

### Дебатни емисии

Во овој мониториран период, на 25 ноември со почеток во 20 часот и 25 минути е емитувано вонредно издание на дебатната емисија „Емисија 200" посветена на Предвремените парламентарни избори. На темата: албанскиот јазик и неговото значење како службен јазик, дебатираа Идриз Орана (кандидат за пратеник на ДПА), Ѓулимсер Касапи (кандидат за пратеник од Коалицијата предводена од СДСМ) и Талат Џафери (кандидат за пратеник од ДУИ).

На 2 декември емитувана е дебата на платформата „Мој глас – моја одговорност" со претставници од невладини организации и претставници од политичките субјекти (Коалицијата предводена од СДСМ, Коалицијата ВМРО за Македонија, Беса и ДУИ). Реприза од емисијата беше емитувана на 3 декември.

### Интервјуа

На 21 ноември со почеток во 13 часот и 9 минути, емитувано е „Неделно интервју на Радио Слободна Европа" со Александар Чичаковски, претседател на ДИК, темата на разговорот беше организирање и спроведување фер и демократски избори.

На 28 ноември со почеток во 13 часот и 31 минута, емитувано е „Неделно интервју на Радио Слободна Европа" со Никола Попоски, претставник на ВМРО ДПМНЕ и носител на кандидатска листа во ИЕ 1 на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

На 4 декември, емитувано е „Неделно интервју на Радио Слободна Европа" со Зоран Заев, претседател на СДСМ. Интервјуто е репризирано на 5 декември со почеток во 13 часот и 32 минути.

***<u>Други програми</u>***

На 21 ноември, со почеток во 10 часот и 32 минути се емитуваше информативна емисија за автомобили Авто плус „Влези и вози", посветена на претставување на електромобилите и електромобилноста како една од мерките за намалување на загаденоста на воздухот во која меѓу другите соговорници се појави и Коце Трајановски (градоначалник на Скопје).

Репризни изданија на емисијата беа емитувани на 26 и на 28 ноември.

***Сектор за програмски работи***